# ПРИРАЧНИК
## ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАСТАВАТА ПО
# ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ
## ЗА I ОДДЕЛЕНИЕ



Ирена Павлоска
Маја Саздовска
Марина Крстевска- Ангелова



Прирачник за изведување на наставата по ликовно образование за I одделение

Издавач: Биро за развој на образованието – Скопје

**Уредници:**
м-р Мирјанче Милошевска
м-р Емилија Вељаноска
**Автори:**
Ирена Павлоска
Маја Саздовска
Марина Крстевска-Ангелова

**Стручна поддршка:**
Зоран Мазновски
м-р Бети Денков
Диана Садику Рамадани
**Лектор:** Александар Здравевски

**Дизајн и техничко уредување:** АРБЕРИА ДЕСИГН ДООЕЛ, Тетово

Година на издавање - 2025
Место на издавање - Скопје
Електронско издание

**CIP - Каталогизација во публикација**
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

**373.3.016:73/76(035)=163.3**

ПАВЛОСКА, Ирена
Прирачник за изведување на наставата по ликовно образование за I одделение [Електронски извор] / Ирена Павлоска, Маја Саздовска, Марина Крстевска-Ангелова. - Скопје : Биро за развој на образованието, 2025

Начин на пристапување (URL): https://www.bro.gov.mk/lo1/. - Текст во ПДФ формат, 61 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 26.08.2025

**ISBN 978-608-206-222-8**

1. Саздовска, Маја [автор] 2. Крстевска-Ангелова, Марина [автор]

**COBISS.MK-ID 66749189**

# СОДРЖИНА

Вовед ........ 5

Тема Цртање ........

ЧАС 1 Препознава и именува различни средства и материјали за цртање ...... 8

ЧАС 2 Именува подлоги и материјали за цртање ........ 9

ЧАС 3 Прави разлика меѓу цртежи од различни материјали ........ 11

ЧАС 4 Црта разновидни линии со комбинирање на различни средства и материјали и Ги опишува цртежите преку ликовниот јазик ........ 12

ЧАС 5 Црта разновидни линии со комбинирање на различни средства и материјали и Ги опишува цртежите преку ликовниот јазик ........ 13

ЧАС 6 Црта разновидни линии со комбинирање на различни средства и материјали и Ги опишува цртежите преку ликовниот јазик ........ 14

ЧАС 7 Црта разновидни линии со комбинирање на различни средства и материјали и Ги опишува цртежите преку ликовниот јазик ........ 15

ЧАС 8 Разликува и споредува различни видови линии ........ 17

ЧАС 9 Разликува и споредува различни видови линии ........ 18

ЧАС 10 Црта предмети и објекти, користејќи различни линии ........ 20

ЧАС 11 Црта предмети и објекти, користејќи различни линии ........ 21

ЧАС 12 Црта предмети и објекти, користејќи различни линии ........ 22

ЧАС 13 Црта предмети и објекти, користејќи различни линии ........ 23

ЧАС 14 Самостојно конструира едноставни цртежи на компјутер (себеси, другарчето, со различни линии создава форми, на пример, круг, квадрат, триаголник, црта емотикони, сонце, дожд...) ........ 24

Тема Сликање ........

ЧАС 1 Препознава и именува различни подлоги, средства и материјали за сликање ........ 29

ЧАС 2 Применува различни подлоги и материјали во сликањето ........ 30

ЧАС 3 Прави разлика меѓу слика и колаж ........ 32

ЧАС 4 Препознава и опишува слика со употреба на ликовен јазик и Ги разликува сликарските поими и ликовните елементи................................33

ЧАС 5 Ги препознава и именува основните бои и нивните нијанси.................34

ЧАС 6 Користи основни бои и нивна моделација во сликањето......................36

ЧАС 7 Користи основни бои и нивна моделација во сликањето и Слика познати ликови и предмети од околината (на пример: наставничката, училницата, училишниот двор, омилен лик).......................................................................37

ЧАС 8 Создава слика со колаж од природни и вештачки материјали........................38

ЧАС 9 Дизајнира едноставна слика на компјутер со употреба на основните бои..........................................................................................................................40

## Тема Печатење........................................................................ 42

ЧАС 1 Прави разлика меѓу различни подлоги и материјали за печатење (мазни или рапави, бели или тонирани, текстилни, пластични, дрвени ихартиени) и Ги опишува разликите меѓу отпечатоците на различни подлоги ...............................43

ЧАС 2 Користи готови печати (шаблони) за печатење отпечатоци во различни форми и големини........................................................................................44

ЧАС 3 Изработува печат (шаблон) самостојно и/или со помош на друг и Создава композиции со комбинирање на шаблони..................................................45

ЧАС 4 Користи готови печати (шаблони) за печатење отпечатоци во различни форми и големини и Прави шари со повторување на исти отпечатоци .....................47

ЧАС 5 Создава композиции со комбинирање на шаблони ........................................48

## Тема Пластично обликување.......................................................... 50

ЧАС 1 Препознава и разликува материјали за моделирање и Идентификува природни и вештачки материјали кои можат да се користат за обликување ...........51

ЧАС 2 Користи различни природни и вештачки материјали во обликувањето...........52

ЧАС 3 Користи различни природни и вештачки материјали во обликувањето...........54

ЧАС 4 Прави фигури на животни, куќа, ликови од различни материјали за обликување (од пластелин и тесто).....................................................................55

ЧАС 5 Прави фигури на животни, куќа, ликови од различни материјали за обликување (од пластелин и тесто).....................................................................56

ЧАС 6 Изработува едноставни фигури од хартија (оригами)......................................58

ЧАС 7 Констуира градби /рециклиран материјал претходно употребен ...................60

# Вовед

Наставната програма по предметот Ликовно образование нуди можност за стекнување трајни и употребливи знаења и вештини за ликовно изразување. Тоа им помага на учениците да го запознаваат светот и да се интересираат за него.

Преку наставата по предметот ликовно образование се поттикнува психомоторниот, емотивниот и интелектуалниот развој на учениците, се развива и нивната фантазија и нивното чувство за естетско проценување. Ученикот/ученичката учи да набљудува, да ги спознава уметничките вредности и да воспоставува врска со уметноста, која ќе биде присутна во текот на целиот негов/нејзин живот.

Ликовното образование се темели на истражувањето и на творењето. Тоа ги уважува и ги следи развојните фази на учениците за нивното ликовно изразување и творење, ги следи законитостите на физичкиот, интелектуалниот и емоционалниот развој соодветен за одредена хронолошка возраст. Развојот на перцептивните, моторичките и сознајните способности е под влијание на природниот развој и на средината во која детето расте.

Ликовните творби на учениците се вистински извор на информации за карактеристиките на секој од нив. Ликовните дела на учениците ги претставуваат не само нивните општи карактеристики како личности, туку и нивната психолошка, емотивна состојба, со што претставуваат важен показател за нивото на разбирање на наставната содржина, за стекнатите технички способности и вештини.

Во оваа фаза учениците точно знаат што сакаат да претстават. Веќе имаат развиено шема, односно одреден дефиниран начин на кој ги претставуваат лицата на луѓето, човечките фигури, објектите. Шемата го покажува активното познавање на она што се претставува. Посебна карактеристика на оваа фаза е т.н. „рентгенско претставување" – објектите се претставуваат како да се провидни, како да може да се види низ нив.

На секој час по предметот Ликовно образование се користат сите форми на работа, но со различен редослед и со различно времетраење во зависност од наставната содржина и конципираноста на самата активност од страна на наставникот. Фронталната форма на работа се реализира од страна на наставникот, а индивидуалната, групната и работата во парови се реализираат со учениците во зависност од инструкциите кои ги дава наставникот. Основната форма на работа која е најважна карактеристика на часовите по Ликовно образование е индивидуалната форма на работа, бидејќи преку неа најдобро се проценуваат знаењата и постигнувањата на секој ученик.

Наставникот континуирано го следи напредокот и постигнувањата на секој ученик и истите ги нотира во ученичките портфолија, за кои постојано добиваат повратна информација. Вреднувањата на постигањата на учениците се изведуваат преку методи, техники, инструменти и стратегии.

Наставниот предмет Ликовно образование е застапен во Наставниот план за прво одделение како задолжителен со 1 час неделно, односно со 36 часа годишно.

Темите се развиени преку сценарија според поставените стандарди во наставната програма.

Темите во наставната програма по ликовно образование за прво одделение се:

1. Цртање
2. Сликање
3. Печатење
4. Пластично обликување



ТЕМА

# Цртање

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

- препознава, разликува и користи средства за цртање;
- црта едноставен цртеж, користејќи ги основните ликовни елементи во цртањето;
- се претставува себе и своите најблиски преку цртеж и црта предмети и појави од околината;
- конструира едноставни цртежи на компјутер.



# Предлог сценарија за реализација на часовите по Ликовно образование

## ЧАС 1

СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Основни средства и материјали за цртање (хартија, молив, дрвени боици, креди, мрсни боици, фломастери, природни материјали, цртање).

СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ
- Препознава и именува различни средства и материјали за цртање.

СРЕДСТВА
- Лист од блок, молив, дрвени боици, креди, мрсни боици, фломастери.

МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА
- Општество (тема - јас сум ученик/училишен прибор).

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 1

**Воведни активности - активирање на предзнаењата**
**Активност 1**

На учениците им се дава задача од своите ранчиња да извадат училиштен прибор. Што е ова ученици? (Училиштен прибор, торбичка, ташниче...). За што ни служи? (За чување на моливчиња, боици, гума, фломастери.). Се отвора приборот и се воочува што има во него. Учениците ги препознаваат средствата и материјалите што ги гледаат пред себе (молив, гума,фломастри, дрвени боици....). За што ни користат сите овие средства и материјали? (за пишување, цртање. ). Што мислите дали само со овие средства и материјали можеме да пишуваме и цртаме? (Не). Со што до сега вие имате пишувано и цртано? (Молив, пенкало, фломастери, дрвени боици, креди...).

**Главни активности - искуствено учење**
**Активност 2**

На таблата е истакнат хамер на кој има претставено една голема куќа со двор во кој има многу дрвја, цвеќиња, клупа, маса и лулашки. Секој дел од куќата е нацртан со различни средства и материјали за цртање (молив, фломастер, дрвени боици, мрсни боици, креди во боја, јагленче, парче керамида). Преку прашања учениците опишуваат што гледаат на хамерот. Што има на хамерот? Каква е куќата? (Голема, убава, шарена, со убав двор, кровот ѝ е нацртан со црвена боичка, прозорците се нацртани со сина мрсна боичка, сонцето е жолто, оџакот е нацртан со јагленче..). Учениците преку истакнатиот хамер на табла ги откриваат средствата и материјалите за цртање и се запознаваат со нив. Воочуваат дека освен со средствата и материјалите кои беа во нивните училишни прибори може да цртаат и со природни материјали. Набројуваат сите заедно кои средства се искористени на истакнатиот хамер (молив, дрвени боици, фломастери, креда во боја, мрсни боици, јагленче, парче керамида).

**Активност 3**

Во платнена торбичка има ставено по неколку од средствата и материјалите за цртање. Секој ученик редоследно доаѓа до торбичката и влече од торбичката едно средство или материјал. По влечењето ученикот го именува средството или материјалот што е во неговите раце и истото/истиот го препознава, го именува и го посочува каде е употребено/употребена на хамерот кој е истакнат на табла.

**Завршни активности - извлекување заклучок**
**Активност 4**

Откако учениците ќе ги именуваат и препознаат сите средства и материјали за цртање од торбичката, повторно ги враќаат назад во торбичката. Истите тие средства и материјали ќе треба да ги класифицираат во посебни кутии на кои претходно има залепено сликичка од средството или материјалот кој треба да се стави во кутијата (кутија фломастери, кутија дрвени боици, кутија мрсни боици...). Учениците еден по еден влечат средство или материјал од торбичката и истиот го ставаат во соодветната кутија.

**Рефлексија**

Што учевме денес?

Кои средства и материјали за цртање ги научивме ?

Со кое средство сакате најмногу да цртате? Зошто?

# ЧАС 2

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Основни средства и материјали за цртање (хартија, молив, дрвени боици, креди, мрсни боици, фломастери, природни материјали, цртање).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ
- Именува подлоги и материјали за цртање.

## СРЕДСТВА
- Молив, фломастер, дрвени боички, креда во боја, мрсни боици, керамидка, стапче од дрво, жолт лист хартија, парче измазнето дрво, парче текстил во светла сина, жолта или црвена боја, плочка мек глинамол, стиропор, табла, песок.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА
- Општество (тема - јас сум ученик/нашата училница)

# СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 2

## Воведни активности- активирање на предзнаењата

### Активност 1

На учениците им се дава задача да погледнат на масичката во делот на ликовното катче. На масичката има чаши и во секоја чаша се поделени средствата и материјалите за цртање (молив, фломастер, дрвени боички, креда во боја, мрсни боици, ќерамитка, стапче од дрво). Потоа се поведува разговор преку прашања. Што забележувате? Што има во чашите? Учениците ги препознаваат и именуваат средствата и материјалите за цртање. Што мислите, дали и каде може да ги употребиме овие средства и материјали за цртање? (на лист од блок, во тетратка, на плочник, песок...). На што е нацртана оваа ливада со убави цвеќиња? (им се посочува кон изработка која е истакната на ѕидот од училницата изработена со фломастери на стиропор). Нашата табла за што ни служи? (за пишување и цртање со креди).

## Главни активности- искуствено учење

### Активност 2

Се објаснува дека може да се црта на разни подлоги како што веќе ги открија некои (лист од блок, тетратка, плочник, песок, стиропор и табла). На една клупа наставникот поставува повеќе подлоги (парче стиропор, жолт лист хартија, парче измазнето дрво, мала табла за цртање, парче текстил во светла сина, жолта или црвена боја, плочка мек глинамол, кутија со песок). Учениците ги разгледуваат сите подлоги. Им се посочува дека на овие подлоги кои што ги гледаат може да се црта со различни средства и материјали за цртање. Тие имаат можност да ги допрат и преку сетилата да воочат дека секоја подлога е од различен материјал, дека има различна цврстина, како и дека некои подлоги се мазни, а некои рапави.

## Завршни активности - извлекување заклучок

### Активност 3

Учениците започнуваат со играње на играта ,,СКРИЕН ПРЕДМЕТ". Еден ученик избира една од подлогите и ја именува, а потоа ја крие во одреден дел од училницата. Преостанатите ученици бараат каде е скриена. Оној кој што ќе ја пронајде е следениот ученик кој бира подлога и ја повторува постапката како првиот ученик.

## Рефлексија

- Што научивм денес?
- Што цртавме?
- Со кои подлоги за цртање се запознавме?
- Која подлога би ја избрале вие за цртање?

# ЧАС 3

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Основни средства и материјали за цртање (хартија, молив, дрвени боици, креди, мрсни боици, фломастери, природни материјали, цртање).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Прави разлика меѓу цртежи од различни материјали.

## СРЕДСТВА

- Ликовни паноа со цртежи.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Македонски јазик (тема: Литература, изразуваање и творење/литературен текст,творба – басна и редослед на настани во текстот) и Општество (тема: Јас сум ученик/нашата училница и нашето училиште).

# СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 3

**Воведни активности- активирање на предзнаењата**

**Активност 1**

Учениците се во посета на ликовниот кабинет.(доколку нема ликовен кабинет, тогаш наставникот подготвува ликовно катче, каде што ќе бидат изложени потребните примери) Го разгледуваат и забележуваат кои се средства и материјали за цртање ги има во него, како и многу примери од подлоги кои служат за цртање.

**Главни активности - искуствено учење**

**Активност 2**

На ликовното пано се истакнати цртежи по хронолошки редослед од приказна. Секој цртеж е нацртан со различни средства и материјали на различна подлога. Првиот цртеж е создаден од мрсни боици и бело платно. Вториот цртеж од молив и лист од блок. Третиот цртеж од јаглен и стиропор. Учениците од блиску ги разгледуваат цртежите за да ги воочат деталите, како и средствата и материјалите на различните подлоги.

**Активност 3**

Учениците внимателно ја слушаат басната „Штурецот и мравката" која изразно им се чита. Се поведува дискусија за содржината преку прашања. Учениците се делат во парови. На секој пар му се дава сложувалка која е составена од повеќе делови. Секој дел е изработен од различни средства и материјали. Учениците треба да ја спојат сложувалката правилно по хронолошки редослед.

**Завршни активности - извлекување заклучок**

**Активност 4**

Откако сите парови ќе завршат со спојување, хронолошки се врши презентација на приказната преку цртежите и се именуваат различните средствата и материјалите

кои се употребени на сложувалката. Учениците се враќаат во својата училница.

**Рефлексија**

- Како ви се допадна ликовниот кабинет?
- Што научивме денес?
- Кои средства и материјали за цртање ги воочивме на цртежите?

## ЧАС 4

СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Основи на ликовниот јазик во цртањето (точка, линија, боја, насока, големина, форма).

СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Црта разновидни линии со комбинирање на различни средства и материјали.
- Ги опишува цртежите преку ликовниот јазик.

СРЕДСТВА

- ЛЦД - проектор, лист од блок, табла, хамер, фломастери, креди во боја, штафелај.

МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Математика (тема: Геометрија/2Д - форми и местоположба, движење и насока).

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 4

**Воведни активности- активирање на предзнаењата**

**Активност 1**

На учениците на ЛЦД проектор/паметна табла им се покажува слика на која што е прикажано небото навечер каде месечината е претставена полна. Се поведува разговор преку прашања. Што е претставено на сликата? (небо). Какво е небото навечер кога ќе се стемни? (темно.) Што можеме да забележиме на него? (ѕвезди и месечина.). На што ви личи месечината на сликата? (на круг, топка, голема точка...).

**Главни активности - искуствено учење**

**Активност 2**

На штафелај е ставен бел лист од блок. Со црн фломастер се прави демонстрација и се црта една мала точка. Веднаш до неа се цртаат уште неколку точки, меѓутоа редоследно секоја следна е поголема од претходната. Учениците се прашуваат што забележуваат на цртежот? (повеќе точки). Која точка најмногу ве потсетува на месечината? (најголемата). Еден ученик излегува на табла и му се кажува со црвен фломастер да ги поврзе сите точки (се почнува од првата точка сé до последната). Што можеме да забележиме сега на цртежот? (една линија.) Од што е составена линијата? (од повеќе точки.). Им се демонстрира и на табла со креда во сина боја, со тоа што сега точките се подредени една под друга и при поврзување на

точките линијата која што ќе се формира ќе има друга насока за разлика од претходната линија.

### Активност 3

Учениците се делат во две групи. Учениците од првата група имаат хамер и фломастери во сина, жолта и црвена боја. Учениците од втората група имаат хамер и креди во сина, жолта и црвена боја. Во зависност од бројот на ученици во една група, доколку има потреба на учениците им се ставаат повеќе хамери. Секој ученик треба да црта разновидни линии на хамерот. На одредено време групите се менуваат и продолжуваат да работат со другите средства и материјали на хамерот на кој претходно работела другата група.

### Завршни активности - извлекување заклучок

### Активност 4

По завршување на дадената задача се преминува на опишување на цртежите и на комбинирањето на различните средства и материјали. Се прави споредба на линиите, нивната големина, насока, боја.

### Рефлексија

- Ви се допадна ли денешниот час?
- Што научивме?
- Со кои средства и материјали работевме денес?

## ЧАС 5

СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Основи на ликовниот јазик во цртањето (точка, линија, боја, насока, големина, форма).

СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Црта разновидни линии со комбинирање на различни средства и материјали;
- Ги опишува цртежите преку ликовниот јазик.

СРЕДСТВА

- Блок од лист, молив 2Б.

МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Математика (тема: Геометрија/местоположба, насока и движење и 2Д форми-линии).

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 5

### Воведни активности- активирање на предзнаењата

### Активност 1

Со учениците се поведува разговор преку прашања, а воедно и потсетување што работевме претходниот час. Што не потсетува на точка? (месечината, капки дожд, далечните звезди, песок....). Што ќе се формира доколку една точка тргне на прошетка? (добиваме линија.). Се потсетуваме со што сè можеме да нацртаме линија

(молив, дрвени боици, креда, јагленче,керамида,со стапче во песок, со дланка во снег).

**Главни активности - искуствено учење**

**Активност 2**

Учениците треба да земат во рака лист од блок и да го допрат од двете страни. Може да воочат дека од едната страна листот е рапав, а од другата е мазен. Се објаснува дека кога се работи со молив секогаш цртаме на рапавата страна. Потоа им се покажуваат два молива. Се објаснува дека има повеќе видови моливи и тоа: Моливи кои се за пишување (ХБ) и моливи за цртање (2Б). Бидејќи за цртање ни треба молив кој ќе даде богата разновидност на линијата и е мек работиме со молив со ознака 2Б. Секогаш се брише со гума и не треба да се размачкува со прсти.

**Активност 3**

На учениците им се соопштува дека на овој час ќе цртаат со молив. Цртежот треба да биде богат со различни линии. Учениците цртаат по сопствен избор на веќе дадени идеи (дрво во есен, капки дожд, разбрането море...). Додека учениците цртаат се следи нивната работа. Ако е потребно се коригираат и им се дава дополнителни насоки.

**Завршни активности - извлекување заклучок**

**Активност 4**

По завршување на практичната активност учениците престануваат со работа и пристапуваат кон опис на ликовните творби. Се избираат повеќе творби со карактеристични резултати и преку разговор се врши опис, а посебно внимание се обрнува на разновидноста на линиите.

**Рефлексија**

- Што научивме овој час?
- На која страна од листот од блокот се црта со молив?
- Ви се допадна цртањето со молив?

## ЧАС 6

СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Основи на ликовниот јазик во цртањето (точка, линија, боја, насока, големина, форма).

СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Црта разновидни линии со комбинирање на различни средства и материјали;
- ги опишува цртежите преку ликовниот јазик.

СРЕДСТВА

- Креди во боја, ќерамида, јаглен, мрсна боица.

МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Физичко и здравствено образование (тема: Играм и спортувам/групни, подвижни игри), Математика (тема: Геометрија/местоположба, насока и движење),

Музичко образование (тема: Слушање музика/видови музика и звуци).

# СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 6

## Воведни активности- активирање на предзнаењата

### Активност 1

Часот започнува со слушање на песничката „Горе, долу, лево, десно" - Дарко Биберко (https://www.youtube.com/watch?v=08it4grwxPs&t=122s), којашто има и анимиран видеозапис кој што оди на екран во училница. На тој начин учениците покрај слухово и визуелно ја разбираат песничката. Следи дискусија за слушаната песна преку прашања. Што нè прашува Дарко Биберко преку песната? (каде се наоѓаат животните). Што требаше ние да му кажеме на Дарко Биберко? (насоката за да открие каде е секое животно). Преку разговорот се врши потсетување за основите на ликовниот јазик во цртањето.

## Главни активности - искуствено учење

### Активност 2

Учениците излегуваат во училишниот двор и се делат во групи. Секоја група добива различен материјал за цртање (креди во боја, керамида, јаглен, мрсна боица...). Им се соопштува дека треба да пробаат со нога да цртаат различни линии (материјалот за цртање го ставаат под обувките и со влечење прават различни линии). Цртајќи со ногата ја воочуваат различноста на линиите.

### Активност 3

Групите кои што беа формирани во претходната активност остануваат исти. За втората активност се менува само материјалот за цртање. Секоја група посебно има задача во училишниот двор да нацрта игра ,,ПЛОЧКА". Откако учениците ќе завршат со цртање, следи опис на нацртаното преку ликовен јазик (насока, боја, големина,форма...).

## Завршни активности - извлекување заклучок

### Активност 4

Учениците ја играат веќе нацртаната игра „ПЛОЧКА".

## Рефлексија

- Каде бевме денес?
- Како ви се допадна часот?
- Што научивме?
- Ви се допадна ли играта што сами си ја нацртавте и ја игравте?

# ЧАС 7

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Основи на ликовниот јазик во цртањето (точка, линија, боја, насока, големина, форма).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Црта разновидни линии со комбинирање на различни средства и материјали;
- ги опишува цртежите преку ликовниот јазик.

## СРЕДСТВА

- Лупа, лист од блок, лисја, фломастери и дрвени боици, креда, табла.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Природни науки (тема: Материјали//видови материјали и тема: Живи суштества/ растенија), Математика (тема: Геометрија/2Д-форми, линии и местоположба, насока и движење).

# СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 7

**Воведни активности- активирање на предзнаењата**

**Активност 1**

Учениците се поведуваат во училишниот двор. Добиваат задача да соберат различни лисја од различни дрвјата кои се наоѓаат во дворот. Откако секој ученик ќе собере неколку лисја се враќаат во училница.

**Главни активности - искуствено учење**

**Активност 2**

Наставникот им дава лупа, а учениците ги имаат пред себе лисјата. Им се посочува дека преку лупата ќе се анализира листот. Сите учениците можат да забележат дека кога се гледа преку лупата можеме да видиме дека листот има многу линии кои се различни. Исто така, анализирајќи ги сите лисја, може да се воочи дека ниту еден лист не е идентичен, односно дека сите имаат различни линии.

**Активност 3**

Учениците следат демонстрација како би изгледале линиите кои ги воочиле кај лисјата нацртани со креда. Се делат во парови. Секој пар има пред себе лист од блок, фломастери и дрвени боици. Добиваат задача да си одберат еден од лисјата. Потоа повторно со помош на лупата да ги воочат линиите на листот и истите да ги претставаат на листот од блокот исцртувајќи ги линиите со фломастери и дрвени боици.

**Завршни активности - извлекување заклучок**

**Активност 4**

По завршување на практичната активност учениците престануваат со работа и пристапуваат кон опис на ликовните творби. Пред да престанат сите ученици со работа и пред да се пристапи кон опис на ликовните творби, се избираат повеќе творби со карактеристични резултати и преку разговор се врши опис на формата, насоката, бојата и големината на линијата.

**Рефлексија**

- Како ви се допадна ли часот?
- Што научивме?
- Кои средства и материјали ги употребивме за денешната активност?

# ЧАС 8

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Едноставен цртеж (цртеж, линии: тенки, дебели, хоризонтални, вертикални, коси, брановидни, отворени, затворени, испрекинати, долги, куси, прави, криви, цик-цак и др.).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Разликува и споредува различни видови линии.

## СРЕДСТВА

- Лист од блок, молив 2Б, компјутер, табла и креда.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Македонски јазик (тема: Слушање и говорење/звуци,) Природни науки (тема: Звук/звук и извори на звуци), Општество (тема: Јас сум ученик/нашата училница и нашето училиште).

# СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 8

**Воведни активности- активирање на предзнаењата**

**Активност 1**

Со учениците започнуваме разговор преку прашања. Што тие најмногу сакаат да прават? (Сакаат да се радуваат, да си играат, да се дружат....). Што се случува кога во училиште е време за одмор? (За време на одмор во училиштето најмногу се слушаат гласови од учениците). Што се случува во училиштето за време на часовите? (Кога е време за час тогаш во училиштето е тишина). На учениците им се кажува да ги затворат очите и да замислат дека се наоѓаат на некоја крстосница каде што има многу автомобили, пешаци, моторцикли. Што би слушале доколку се наоѓаме во таа гужба? (Многу гласови кои што доаѓаат од пешаците кои што се движат, многу силни и долги звуци од свирките на автомобилите, звуци кои доаѓаат од моторите на сите превозни средства). На учениците им се објаснува дека секаде околу нас се слушаат звуци од разни нешта, гласови, шумови, машини, ветерот, дождот. Во училницата правиме тишина, а потоа со разни звуци, гласови, шумови, тропкање на клупите ја разбиваме тишината. Им се посочува таблата која што е чиста и се прави споредба со тишината. Кога е тишина сѐ е празно и чисто. Се бара од учениците да ја снема таа тишина. Со креда се испишува една линија и воочуваме дека веќе на таблата не е тишина. Дали звукот може да се напише на табла? Еден ученик изговара звук кој е рамномерен и непрекинат (шшшшшшшш...)..

Додека ученикот го изговара звукот со кредата на таблата се црта линија. Каква е оваа линија? (Права и долга). Тоа значи дека секој глас/звук можеме да го запишеме.

## Главни активности - искуствено учење

### Активност 2

Од претходната активност учениците воочуваат дека постојат права и долга линија. Еден ученик е излезен пред таблата и со креда треба да го претстави гласот кој што го слуша од друг ученик кој изговара рамномерен, но испрекинат глас. Учениците забележуваат дека на таблата има испрекината линија. Воочува дека постојат кратка и долга линија, но и линија која што е испрекината. Учениците се менуваат. Сега друг ученик излегува на табла. Ученикот кој треба да изговара глас тоа го прави со глас кој звучи тенко и дебело. Од запишаното на таблата воочува дека постојат тенка и дебела линија. Се изговара глас кој што се движи слободно горе, доле, лево, десно. Учениците забележуваат дека крива линија на таблата.




### Активност 3

На учениците им се пуштаат звуци од животни (https://www.youtube.com/watch?v=3QQjWE4rR08 ). Тие имаат за задача слушајќи ги звуците истите да ги претставаат на лист од блок со молив 2Б. Им се посочува дека треба да се ослободат и во зависност што слушаат слободно да се изразат и самостојно да работат.

## Завршни активности - извлекување заклучок

### Активност 4

Се пристапува кон игра со анализа на ликовните творби. Излегуваат учениците пред табла и на глас ги именуваат (*ПРАВА, ДОЛГА, ТЕНКА, ДЕБЕЛА*...) линиите што ги напишале еден по еден ученик.

## Рефлексија

- Што научивме денес?
- Какви линии претставуваме денес ?
- Ако погледнеме околу нас, ќе може ли да ги пронајдеме линиите кои што денес ги претставувавме?

# ЧАС 9

СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Едноставен цртеж (цртеж, линии: тенки, дебели, хоризонтални, вертикални, коси, брановидни, отворени, затворени, испрекинати, долги, куси, прави, криви, цик-цак и др.).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Разликува и споредува различни видови линии.

## СРЕДСТВА

- Лист од блок и молив 2Б.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Физичко и здравствено образование (тема: Играм и спортувам/групни игри/подвижни игри) и Математика (тема: Геометрија/2Д-форми, линии и местоположба, насока и движење).

# СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 9

**Воведни активности- активирање на предзнаењата**

### Активност 1

Секој ученик добива лист на кој се наоѓаат точки (прилог). Сите точки треба да ги поврзат со молив. По завршувањето на дадената задача учениците ги воочуваат линиите кои што ги добиле ( долга, крива, права).

**Главни активности - искуствено учење**

### Активност 2

Се разгледува предлог цртеж (прилог) во кој учениците треба да ги воочат разновидните линии кои што се претставени. Тие ги именуваат линиите со кои што веќе се запознаа претходниот час. Долги, кратки, испрекинати, дебели и тенки линии. Преку разговор учениците откриваат и други видови линии. Забележуваат дека стеблото од дрвото е направено од две вертикални линии, а некои од гранките со две хоризонтални линии. Воочуваат дека вертикални линии се линиите кои се исправени на цртежот, а хоризонтални линии се линиите кои се легнати. Исеченото стебло од дрво во горниот дел прави една крива затворена линија, а во внатрешноста има крива отворена линија. Крзното на волците во горниот дел е нацртано од цик – цак линии. Тревките на цртежот ни се претставени со куси и криви линии. Крошните на дрвјата ни се претставени со брановидни линии.




### Активност 3

Учениците пред себе имаат лист од блок и молив 2Б. Секој индивидуално треба да нацрта дрво кое што ќе треба да биде направено од различни линии. Линиите треба да бидат различни по должина, форма и насока. Големината на дрвото треба да биде низ целиот лист од блокот.

**Завршни активности - извлекување заклучок**

**Активност 4**

Учениците играат игра „Точка и линија" во која на лист хартија се претставени точки и различни видови на линии. Им се пушта рефрен од песната „A Ram Sam Sam" (https://www.youtube.com/watch?v=B5yehhCgL1I ). Учениците по ритамот на самата песна треба со прстето да ги поминуваат нацртаните ликовни елементи (https://www.facebook.com/watch/?v=4918321838222743).

**Рефлексија**

- Што научивме денес?
- Со кои видови на линии се запознавме?
- Кои линии ги употребивме?

# ЧАС 10

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Едноставен цртеж (цртеж, линии: тенки, дебели, хоризонтални, вертикални, коси, брановидни, отворени, затворени, испрекинати, долги, куси, прави, криви, цик-цак и др.)

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Црта предмети и објекти, користејќи различни линии.

## СРЕДСТВА

- Хамер, молив, фломастери, дрвени боици.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Општество (тема: Местото во кое живеам/ безбедно се движам и учествувам во сообраќајот) и Македонски јазик (тема: Слушање и говорење/опишување), Математика (тема: Геометрија/2Д-форми, криви, прави линии).

# СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 10

**Воведни активности- активирање на предзнаењата**

**Активност 1**

Учениците се во блиската околина пред крстосница и се потсетуваат за линија, видови линии, за тоа како преку набљудување на предметите, објектите или суштествата можат да ја воочат линијата. Разговорот се насочува кон набљудување на непосредната околина. Какви линии забележуваме на семафорите, сообраќајните знаци? (Линиите претежно се прави.). Дали се со иста должина? (не.). Какви се по должина? (куси, долги, подолги, покуси.) Дали линиите се испреплетуваат? Какви линии забележуваме кај пешаците? Какви линии забележуваме кај автомобилите? (Криви, затворени, отворени, долги, куси,прави...). Кои линии ги забележуваме кај улицата? Кај зградите кои нè опкружуваат? (Хоризонтални, вертикални.)

## Главни активности - искуствено учење

### Активност 2

Учениците се делат во групи, а во секоја група има по четири ученици, застанати на секоја страна од клупата. Секоја група добива хамер и средства и материјали за цртање (молив, фломастери, дрвени боици). Имаат задача да нацртаат крстосница. Секој ученик започнува со цртање на еден дел од крстосницата, една улица, на улицата цртаат и објекти. Секој ученик црта на хамерот пред себе со средството кое сам ќе си го одбере. Улиците ги спојуваат на средина во крстосница. Се поттикнуваат да употребуваат различни видови на линии. Учениците постојано се охрабрувани и мотивирани во својата работа, сè до завршување на активноста.

## Завршни активности - извлекување заклучок

### Активност 3

Секоја група ја презентира својата изработка, објаснува и опишува што нацртале, кои објекти, кои предмети ги нацртале, какви линии употребиле и со кои средства и материјали за цртање работеле.

## Рефлексија

- Какви линии употребивте во вашите изработки?
- Со кои средства за цртање работевме на денешниот час?
- Ви се допадна ли денешнава активност?

# ЧАС 11

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Едноставен цртеж (цртеж, линии: тенки, дебели, хоризонтални, вертикални, коси, брановидни, отворени, затворени, испрекинати, долги, куси, прави, криви, цик-цак и др.).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Црта предмети и објекти, користејќи различни линии.

## СРЕДСТВА

- Лист од блок, дрвени боици, штафелај, фломастери.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Општество (тема: Местото во кое живеам безбедно се движам и учествувам во сообраќајот) и Македонски јазик (тема: Слушање и говорење/прераскажување, раскажување и опишување).

# СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 11

**Воведни активности- активирање на предзнаењата**

**Активност 1**

Учениците се поттикнуваат на дискусија преку прашања. Што е превозно средство? За што ни служи? Какви превозни средства има? Што мислите дали сите превозни средства служат само за да нè пренесат од едно место на друго?

**Главни активности - искуствено учење**

**Активност 2**

Наставникот прави опис на превозно средство (велосипед), а учениците треба да погодат за кое превозно средство станува збор (има две тркала, освен што ни служи за да нè пренесе од едно на друго место со него се спортува, децата многу го сакаат и го возат од најрана возраст). На штафелај на кој е истакнат лист од блок се демонстрира цртање на велосипед со црн фломастер (прилог). При цртањето им се објаснуваат и демонстрираат видовите линии.

**Активност 3**

Учениците имаат задача на лист од блок да нацртаат велосипед со дрвени боици. Им се посочува дека треба да употребуваат различни линии (тенки, дебели, хоризонтални, вертикални, коси, отворени, затворени, испрекинати, долги, куси, прави, криви). Секој работи индивидуално. Постојано се следи континуитетот на работа кај учениците, онаму каде што има потреба се посочува и помага.

**Завршни активности - извлекување заклучок**

**Активност 4**

По завршување на практичната работа се пристапува кон опишување на цртежите. Учениците преку разговор ги опишуваат своите цртежи. Ако е многу притиснато со моливот, се воочуваат и техничките недостатоци на некои цртежи. Се опишува какви линии се употребени при цртање на велосипедот,како и неговата големина и форма.

**Рефлексија**

- Со кои средства за цртање работевме на денешниот час?
- Какви линии употребивте во вашите цртежи?
- Кое друго превозно средство може да се нацрта со овие линии?

# ЧАС 12

СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Едноставен цртеж (цртеж, линии: тенки, дебели, хоризонтални, вертикални, коси, брановидни, отворени, затворени, испрекинати, долги, куси, прави, криви, цик-цак и др.).

СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Црта предмети и објекти, користејќи различни линии.

## СРЕДСТВА

- Лист од блок, фломастери, дрвени боици, мрсни боици.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Општество (тема: Јас сум дете/моите другари), Македонски јазик (тема: Слушање и говорење/водење краток разговор), Музичко образование (тема: Слушање музика/видови музика - музика за деца).

# СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 12

### Воведни активности- активирање на предзнаењата

### Активност 1

Учениците ја следат песничката „Другари сме, знај" (https://www.youtube.com/watch?v=XRdoKu9-aCk) која што има свој анимиран видео запис кој што оди на екран во училница. Се поттикнуваат на дискусија преку прашања за другарство. Што е другарство? Имате ли вие другари? Што значи да бидеш добар другар?

### Главни активности - искуствено учење

### Активност 2

Учениците се делат во три поголеми групи, со тоа што секоја група добива задача да ги претстави преку цртеж своите другари на лист од блок. Учениците од првата група цртежот треба да го изработат со фломастери. Учениците од втората група цртежот треба да го изработат со дрвени боици, а учениците од третата група цртежот треба да го изработат со мрсни боици. Им се даваат идеи за тоа како бидат нивните другари да бидат претставени на цртежот (можат да бидат фатени за рачиња, како играат фудбал, како разговараат меѓу себе...). На учениците им се посочува да внимаваат на големината при претставувањето на ликовите и другите предмети.

### Завршни активности - извлекување заклучок

### Активност 3

По завршување на практичната активност на табла излегува по еден ученик од секоја група. Секој ученик си ја опишува својата ликовна творба. По дадениот опис сите ученици прават споредба на истакнатите цртежи и ги воочуваат средствата и материјалите за цртање.

### Рефлексија

- Какви линии употребивте во вашите изработки?
- Со кои средства за цртање работевме на денешниот час?
- Дали лесно ракувавте со истите?

# ЧАС 13

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Едноставен цртеж (цртеж, линии: тенки, дебели, хоризонтални, вертикални, коси, брановидни, отворени, затворени, испрекинати, долги, куси, прави, криви, цик-цак и др.).

СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Црта предмети и објекти, користејќи различни линии.

СРЕДСТВА

- Блок за цртање, молив 2Б, дрвени боици, фломастери, мрсни боици.

МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Македонски јазик (тема: Слушање и говорење/водење краток разговор) и Општество (тема: Мојот дом/дом и семејство), Музичко образование (тема: Слушање музика/видови музика - музика за деца).

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 13

**Воведни активности- активирање на предзнаењата**

**Активност 1**

Учениците ја следат песничката ,,Моето семејство" (https://youtu.be/jyhN1wkRSfs), Се поттикнуваат на дискусија преку прашања. За што се пее во песничката? (за мама, тато, дедо, баба, бато и дада). Како се нарекуваат со еден збор луѓето што живеат заедно? (Семејство). Секој од учениците дава исказ за членовите на своето семејство и да ги именуваат истите.

**Главни активности - искуствено учење**

**Активност 2**

Учениците се делат во четири групи. Секоја група добива насоки со кое средство за цртање треба да работи. Првата група црта со молив. Втората група црта со фломастери.Третата група црта со дрвени боици, а четвртата група црта со мрсни боици. Имаат задача на цртежот да го претстават своето потесно семејство. Учениците постојано се охрабрувани и мотивирани во својата работа, сè до завршување на активноста.

**Завршни активности - извлекување заклучок**

**Активност 3**

По завршување на практичната активност на табла излегува по еден ученик од секоја група. Секој ученик си ја опишува својата ликовна творба. По дадениот опис сите ученици прават споредба на истакнатите цртежи и ги воочуваат средствата за цртање.

**Рефлексија**

- Што научивме денес?
- Што цртавме?
- Кои средства за цртање ги употребивме?

## ЧАС 14

СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Едноставен цртеж (цртеж, линии: тенки, дебели, хоризонтални, вертикални, коси, брановидни, отворени, затворени, испрекинати, долги, куси, прави, криви, цик-цак и др.)

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Самостојно конструира едноставни цртежи на компјутер (себеси, другарчето, со различни линии создава форми, на пример, круг, квадрат, триаголник, црта емотикони (ликовни и графички прикази на човечкото лице со кои се изразуваат чувства), сонце, дожд...).

## СРЕДСТВА

- Компјутер или паметна табла.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Математика (тема: Геометрија/2Д-форми - криви и прави линии и местоположба, насока и движење).

# СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 14

### Воведни активности- активирање на предзнаењата

### Активност 1

Преку разговор наставникот емоционално ги подготвува учениците за активностите кои следуваат. Им објаснува дека сега живеат современ начин на живот и се опкружени со модерна технологија како компјутерите и таблетите. И сето тоа што досега го цртале на блок со молив, фломастери, дрвени боици..., истото може да го нацртаат на компјутерите, таблетите, паметните табли.

### Главни активности - искуствено учење

### Активност 2

На паметна табла во училницата преку програмата Пеинт (Paint) се демонстрира цртање на линии. За секоја постапка која што се прави се дава детален опис и по неколку пати низ активноста истата се повторува. На таков начин на учениците им се презентира создавање на различни линии со помош на компјутер.



### Активност 3

Учениците ќе работат во парови. Секој пар пред себе има компјутер на кој веќе е отворена програмата Пеинт (Paint). Тие треба да нацртаат дожд со облаци. Облаците имаат неправилна форма и треба да ги нацртаат со помош на моливчето кое што се наоѓа во горниот дел. Со кликнување на моливчето и влечење на глувчето се прави крива затворена линија и на тој начин се исцртува облакот. Цртаат три облачиња.

Потоа следи цртање на дождот, кој што треба да го претстават со вертикални испрекинати линии. Линиите ги прават со кликнување на правата линија на местото каде што се наоѓаат формите.




## Активност 4

Учениците ќе работат во парови. Секој пар пред себе има компјутер на кој веќе е отворена програмата Пеинт (Paint) и треба да цртаат форми во сина, црвена и жолта боја. Во горниот дел има дадени бои и форми. За да можат да ја земат бојата мора со глувчето да кликнат на неа. Потоа треба да кликнат на формата која што сакаат да ја нацртаат и веќе можат да започнат со цртање на белиот дел од екранот. За да можат да цртаат учениците треба да кликнат на глувчето и да влечат во зависност од тоа која големина сакаат да биде формата.




## Завршни активности - извлекување заклучок

## Активност 3

Учениците добиваат задача да нацртаат емотикони користејќи ги претходно стекнатите знаења за цртање на форми и линии.



## Рефлексија

- Што научивте на овој час?
- Дали имавте нешто нејасно и што ви беше нејасно?
- Ви се допадна ли цртањето на компјутер?
- На што е полесно да цртате, на лист или на компјутер?

## Напомена

Понудени се повеќе активности. Наставникот сам одбира со колку активности во зависност од потребите на одделението ќе го реализира поставениот стандард.

ТЕМА

# Сликање

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

- користи различни материјали и средства за сликање;
- ги разликува основните бои и креативно да се изразува со нив;
- креира едноставни слики и колажи на компјутер, употребувајќи ги основните бои.



# Предлог сценарија за реализација на часовите по ликовно образование

## ЧАС 1

### СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Основни подлоги и материјали за сликање (водени боици, блок, четки, хамер-хартија, темперни боици, колаж, палета, хартија во боја, лепак, природни материјали, вештачки материјали...).

### СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Препознава и именува различни подлоги, средства и материјали за сликање.

### СРЕДСТВА

- Четки за сликање, палети, канче за вода, блокче, водени и темперни боици, колаж, лепак,картон, хартија во боја, сторопор, платно, камен, измазнето дрво.

### МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Природни науки (тема: Материјали/видови материјали), Македонски јазик (тема: Слушање и говорење/водење краток разговор).

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 1

**Воведни активности - активирање на предзнаењата**
**Активност 1**

Учениците учествуваат во дискусија преку бура на идеи за зборот ,,СЛИКАР". Што мислите, со што се занимава еден сликар? Што прави сликарот? (слика, изработува слики.) Што мислите, што сé му е потребно на сликарот за да наслика една слика од еден прекрасен ден на плажа? (четка, водени бои, штафелај, бои, блок...).

**Главни активности - искуствено учење**
**Активност 2**

Учениците се седнати во круг, а во средина пред нив има сликарски средства и материјали (четки за сликање, палети, канче за вода, блокче, водени и темперни боици, колаж, лепак). Им се објаснува дека пред нив има сликарски средства и материјали со кои може да се наслика сè што ќе се замисли и посака. Средствата и материјалите поединечно се именува и се објаснува нивната намена. Секој ученик треба внимателно да ги земе средствата и материјалите во рака и да ги разгледа. Се

поведува дискусија дали претходно се имаат сретнато со некое од средствата и материјалите за сликање и каде? Сте ги користеле ли овие материјали? Што сте правеле со истите? Ви користеле ли материјалите за да насликате одреден мотив? Кога сте сликале некој мотив, на што сте го насликале? (на лист од блок). Може ли да насликаме нешто што сакаме и на друга подлога, освен на лист од блок?

### Активност 3

Секој ученик си одбира едно средство или материјал и со покажување на секое/секој посебно се објаснува како се вика и за што служи. На масичка се ставени повеќе подлоги (картон, хартија во боја, стиропор, платно, камен, измазнето дрво...). На учениците им се објаснува дека исто како во цртањето што може да се користат различни подлоги така и во сликањето се слика на различни подлоги. Учениците ги допираат сите подлоги и воочуваат дали се мазни или рапави, тенки или дебели,природни или вештачки.

### Активност 4

На масичката каде што се ставени подлогите наставникот врз секоја подлога истура темперна боја. Учениците со прстите ја размачкуваат бојата и воочуваат како таа се разнесува на секоја различна подлога.

### Завршни активности - извлекување заклучок
### Активност 5

Учениците играат игра „Расипан телефон”. Треба на другарчето да му шепнат едно средство или материјал за сликање (водени боици, блок, четки, хамер-хартија, темперни боици, колаж, палета, хартија во боја, лепак, природни материјали, вештачки материјали...). Ученикот кој е последен го кажува слушнатиот збор наглас.

### Рефлексија

- Со што се запознавте на овој час?
- Кои/кој од материјалите кои што ги изучивме најмногу би ги применувале на часовите по сликање? Зошто?

## ЧАС 2

СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Основни подлоги и материјали за сликање (водени боици, блок, четки, хамер-хартија, темперни боици, колаж, палета, хартија во боја, лепак, природни материјали, вештачки материјали...).

СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Применува различни подлоги и материјали во сликањетоње.

СРЕДСТВА

- Четки за сликање, палети, канче за вода, блокче, водени и темперни боици, колаж, , картон, платно, камен, чепкалки, шпагети.

МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Природни науки (тема: Материјали/видови материјали).

# СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 2

## Воведни активности - активирање на предзнаењата

### Активност 1

На едно место во училницата се измешани сите средства, материјали и подлоги за сликање со кои учениците се запознаа претходниот час. Имаат задача да ги класифицираат средствата, материјалите и подлогите за сликање во две различни кутии. Во едната кутија треба да се стават средствата и материјалите за сликање, а во другата подлогите.

## Главни активности - искуствено учење

### Активност 2

Учениците се поделени во пет групи и секоја група треба да слика со доделени средства, материјали и подлоги за сликање. Првата група треба да слика на дрвена подлога со водени бои и четки. Втората група треба да слика на картон со сноп од шпагети (шпагетите омекнати во вода, претходно подготвени од наставникот) кои ќе ја заменат четката и со темперни бои. Третата група треба да слика на бел лист со четки и со темперни бои. Четвртата група треба да слика на лист од блок со чепкалки за уши и водени бои. Петтата група треба да слика на платно со прст и со темперни бои. Учениците добиваат инструкции и објаснувања. Сликаат и истражуваат што можат да сликаат, како можат да сликаат со материјалот, средствата и подлогите. Учениците постојано се охрабрувани и мотивирани во својата работа, сè до завршување на активноста. Во текот на работата групите ротираат со цел сите ученици да се запознаат со сите средства и подлоги за работа.

## Завршни активности - извлекување заклучок

### Активност 3

Учениците ги разгледуваат ликовните творби и разменуваат искуства за начинот на нивното добивање преку користење на различните подлоги и средства и материјали за сликање.

## Рефлексија на часот

- Со какви видови на сликарски материјали, средства и подлоги работевте на денешниот час?
- Која подлога ви беше најлесна за работа?
- Кои средства и материјали за работа ви беа најинтересни?

## Напомена

Понудени се повеќе средства, материјали и подлоги за сликање. Наставникот сам одлучува со колку од нив ќе ги запознае учениците.

# ЧАС 3

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Основни подлоги и материјали за сликање (водени боици, блок, четки, хамер-хартија, темперни боици, колаж, палета, хартија во боја, лепак, природни материјали, вештачки материјали...).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Прави разлика меѓу слика и колаж.

## СРЕДСТВА

- Слики, штафелаи, компјутер.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Општество (тема: Јас сум ученик/нашата училница и нашето училиште), Математика (тема: Геометрија/2Д-форми), Македонски јазик (тема: Слушање и говорење/водење краток разговор).

# СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 3

**Воведни активности - активирање на предзнаењата**

**Активност 1**

Учениците се поведуваат во училишниот хол каде што има изложба на детски слики. Се поведува разговор што има во училишниот хол? (повеќе слики истакнати на штафелаи). Им се објаснува дека сликарите прават ликовни изложби на своите слики за да можат другите да ги видат. Ликовните изложби најчесто се прават во ликовни галерии.

**Главни активности - искуствено учење**

**Активност 2**

Учениците внимателно ги разгледуваат сликите. Им се посочуваат две слики на кои тие треба да ги воочат сличностите и разликите. На едната слика е претставено училиште кое што е насликано со водени бои, а на другата слика е насликано училиштето, меѓутоа со ситни парченца од хартија во боја кои се лепени со лепак. Учениците воочуваат дека сликите имаат ист мотив, меѓутоа техниката, средствата и материјалите за сликање кои се употребени се различни. Воочуваат и дискутираат дека првата слика е насликана со водени бои, а втората со парченца хартија во боја.

**Активност 3**

Учениците се враќаат во училница. На два штафелаи има поставено хамери. На едниот хамер им се демонстрира сликање на 2Д-форми со темпера, а на другиот хамер 2Д форми со колаж. При демонстрација наставникот ги поттикнува да ги

воочуваат и дискутираат разликите во начинот на работа помеѓу двете слики и нивниот краен изглед.

**Завршни активности - извлекување заклучок**

**Активност 4**

Учениците следат подготвена презентација во која ќе бидат понудени различни слики, а меѓу кои една слика е изработена со колаж. Учениците треба да ја пронајдат сликата која е различна од преостанатите и да ги воочат разликите.

**Рефлексија**

- Со што се запознавме денес?
- Што научивме од овој час?
- Би сакале ли да посетите ликовна изложба во некоја галерија?

## ЧАС 4

СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Основи на ликовниот јазик во сликањето (боја, големина, форма, простор).

СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Препознава и опишува слика со употреба на ликовен јазик;
- ги разликува сликарските поими и ликовните елементи.

СРЕДСТВА

- Паметна табла.

МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Македонски јазик (тема: Слушање и говорење/прераскажување, раскажување и опишување), Физичко и здравствено образование (тема: Спортувам и играм/групни игри/подвижни игри).

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 4

**Воведни активности - активирање на предзнаењата**

**Активност 1**

На паметна табла им се прикажува слика на која е претставено населено место. Учениците опишуваат што гледаат на сликата и од што е насликана. Им се посочува дека треба да внимаваат на формата, големината и бојата на насликаните згради, куќи, дрвја...

**Главни активности - искуствено учење**

**Активност 2**

Учениците треба да ги затворат очите и да замислат дека се наоѓаат на омиленото место, со омилената личност или со себе го имаат омилениот предмет. Секој од учениците кажува каде и со кого/што се замислил (на игралиште со другарчето,

во планина со омилениот ранец, во спортска сала со својата топка, на море со родителите, во игротека со својата играчка итн...). Се објаснува дека секое место на коешто учениците се замислиле дека биле се нарекува одреден простор. Се поттикнува дискусија за сè што не опкружува. Околу нас сè е различно, со разновидни форми, со многу бои и различна големина. Кога се патува некаде секогаш низ прозорецот го гледаме тоа што нè опкружува, при што често се забележува некој интересен предмет, дрво, зграда, луѓе, автомобили... Сите предмети кои што ги гледаме имаат различна форма, големина, боја.

### Активност 3

На учениците им се поставуваат низа прашања. Каде се наоѓате моментално? (во училница) Дали сме внатре или надвор? (внатре) Се доаѓа до заклучок дека училницата е простор затворен/внатрешен. А, кога ќе излезете од училишната зграда, каде ќе бидете? ( надвор) Повторно се заклучува дека пак тоа е исто простор, но надворешен. На учениците им се потенцира и истакнува дека и во сликите има одреден простор околу формите што се сликаат/цртаат.

### Завршни активности - извлекување заклучок

### Активност 4

Учениците играат игра „Погоди ја формата, погоди ја бојата". Еден ученик треба да замисли некоја форма и истата да ја соопшти преку шепкање на наставникот. Со помош на асоцијации и објаснувања од негова страна, останатите ученици треба да се обидуваат да ја погодат формата. Победник е кој ја погодил формата и тој продолжува со замислување форма. Низ ваква игра се погодува и боја. Играта се повторува неколку пати.

### Рефлексија

- Што научивме денес?
- Кои се ликовните елементи?

## ЧАС 5

### СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Слика и колаж (слика, колаж, основни бои, нијанси, светло, темно, сликање...).

### СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Ги препознава и именува основните бои и нивните нијанси.

### СРЕДСТВА

- Штафелаи, пластични чаши, балони, темперни бои, слики, лист од блок.

### МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Математика (тема: Геометрија/форми) , Музичко образование (тема: Слушање музика), Англиски јазик , Физичко и здравствено образование (тема: играм и спортувам)/групни игри,подвижни игри,), Македонски јазик (тема: Слушање и говорење/водење краток разговор).

# СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 5

## Воведни активности - активирање на предзнаењата

### Активност 1

Изложени се две слики коишто се идентични. Едната слика е претставена е во ден, а другата во ноќ. Учениците ги разгледуваат сликите и воочуваат дека формите, големината и просторот на двете слики е ист, а различни се само боите. Преку прашања се поведува дискусија. Што правиме во текот на денот? (одиме на училиште, родителите на работа, на прошетка, во парк...). Воочуваат дека кога е ден е светло и има многу бои. Што правите кога е ноќ? Дали можете да ги видите предметите и боите на предметите кога е ноќ? (во текот на ноќта можеме само да допреме, но не и да видиме, бидејќи е темно.) Учениците доаѓаат до заклучок дека бојата се гледа само кога има светлина. Според тоа, светлото го споредуваме со белата боја, а темнината е црната боја. На учениците им се кажува дека белата и црната не се бои. Тие ќе ни помогнат во осветлувањето и затемнувањето на боите.

## Главни активности - искуствено учење

### Активност 2

Учениците проследуваат видео презентација на песната „Три основни бои" (https://youtu.be/yu44JRTIxSQ) и емоционално се подготвуваат за претстојната активност. Преку прашања се поттикнуваат на дискусија. Кои бои ги видовме и слушнавме во песната? (црвена, жолта, сина). На видеопрезентација ги слушнавме на англиски јазик. Дали знаете како се викаат овие бои на англиски јазик? Откако ќе ги именуваат боите, наставникот им кажува дека овие три бои се основни бои, а со нивно мешање се добиваат другите бои. Учениците набројуваат сè што е обоено црвено, сино и жолто (јаболко, банана, небо...).

### Активност 3

На учениците им се покажуваат балони во црвена, сина и жолта боја, а бидејќи е ден можат да ги видат нивните боите. Им се дава задача да ги класифицираат балоните според бојата. Учениците ги делат балоните на три купчиња. Во првото купче ги собираат црвените, во второто сините и во третото купче жолтите балони. Воочуваат дека има црвени, сини и жолти балони. Им се објаснува дека овие три бои се основни бои, а со нивно мешање се добиваат другите бои. Учениците набројуваат сè што е обоено црвено, сино и жолто (јаболко, банана, небо...).

### Активност 4

Учениците од своите темперни боици треба да ги одвојат трите основни бои црвена, жолта и сина На клупата пред нив се поставени проѕирни пластични чаши наполнети до половина со вода и темперните бои во црвена, сина и жолта боја. Наставникот им демонстрира. Во секој од садовите се истура по една од основните бои, па со стапче се промешуваат боите. Учениците воочуваат дека водата во секоја чашка се обојува во

трите основни бои и истите ги именуваат. Потоа во садовите постепено се дотура вода, а учениците воочуваат дека како што се зголемува количеството на додадена вода така бојата станува побледа. Им се објаснува и им се се потенцира дека со додавање на водата се добиваат посветли нијанси од бојата. На ист начин со додавање на бела/црна боја во друга боја, истата станува посветла/потемна.

### Активност 5

На штафелај на лист од блок кој е поделен на три дела им се демонстрираат и воедно детално им се објаснуваат на учениците трите основни бои и нивните нијанси со темперни бои почнувајќи од најтемно до најсветло. Нијансите се прават со додавање на бела темперна. Се објаснува како се меша бојата и истата се испробува на парче хартија. Им се објаснува како се држи и работи со четката и дека се слика одгоре надолу, полека и внимателно. После секое преминување на друга боја се мие четката и се менува водата.

### Завршни активности - извлекување заклучок
### Активност 6

Учениците играат игра ,,Штркот бара боја”. Еден ученик кажува една од основните бои, а другите бараат предмети во училницата со истата боја.

### Рефлексија

- Што научивме денес?
- Кои се основните бои?
- Дали белата и црната се бои?
- Која од нив е ваша омилена?

## ЧАС 6

### СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Слика и колаж (слика, колаж, основни бои, нијанси, светло, темно, сликање...).

### СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Користи основни бои и нивна моделација во сликањето.

### СРЕДСТВА

- Штафелаи, пластични чаши, балони, темперни бои, слики, лист од блок.

### МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Природни науки (тема: Материјали/видови материјали).

# СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 6

**Воведни активности - активирање на предзнаењата**

**Активност 1**

Се поведува дискусија за основните бои. Кои се основните бои? (сина, црвена, жолта). Постои ли само една нијанса на сина, црвена, жолта боја? (не, има посветла, потемна). Се потсетуваат на претходните знаења за добивањето на нијансите на боите.

**Главни активности - искуствено учење**

**Активност 2**

Учениците од своите темперни боици треба да ги одвојат трите основни бои црвена, жолта и сина, и црна и бела кои што ќе им послужат за нијансирање. Пред себе имаат канчиња за вода, сунѓерче, четки и блокче. Имаат задача да го поделат листот на три дела. Секој дел треба да го обојат со посебна боја којашто ќе ја нијансираат од потемно кон посветло. Учениците самостојно ги мешаат темперните боици (црвена, сина и жолта) со вода за да добијат потемни и посветли нијансни. Се обрнува внимание како се држи и работи со четката и дека се слика одгоре надолу, полека и внимателно. После секое преминување на друга боја се мие четката и се менува водата. Работат според напатствија и демонстрација од наставникот.

**Завршни активности - извлекување заклучок**

**Активност 3**

Неколку ученици ги презентираат своите творби. Ја објаснуваат постапката и ликовните творби ги изложуваат во ликовното катче.

**Рефлексија на часот**

- Што научивме денес?
- Кои се основните бои?
- Ви беше ли интересна денешната актвиност?
- Имавте ли потешкотии во работата?
- Која од нив е ваша омилена?

# ЧАС 7

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Слика и колаж (слика, колаж, основни бои, нијанси, светло, темно, сликање...).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Користи основни бои и нивна моделација во сликањето;
- слика познати ликови и предмети од околината (на пример: наставничката, училницата, училишниот двор, омилен лик )

## СРЕДСТВА

- Темперни основни бои, четки, сунѓерче, блок, канче за вода.

МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Музичко образование (тема: Слушање музика/видови музика, музика за деца), Македонски јасик (тема: Слушање и говорење/водење краток разговор) Физичко и здравствено образование (тема: Спортувам и играм/групни игри).

# СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 7

## Воведни активности - активирање на предзнаењата

### Активност 1

Учениците ја проследуваат песничката „Светот на Биби е шарен цел" (https://youtu.be/g362gsxVbcw) којашто воедно има и свој анимиран видеозапис којштo оди на екран во училница. Се поттикнуваат на дискусија за боите преку прашања. За што ни пееше девојчето Биби? Кои сé бои беа именувани ? Кои од нив беа основните бои во ликовното образование? Што е жолто во песната на Биби? (фустанчето) Што е црвено? (јаболчето) Што е сино? (небото и морето).

## Главни активности - искуствено учење

### Активност 2

На лист од блок кој е поделен на три дела учениците треба да насликаат со водени боици сѐ што има црвена (јаболко, цреши, јагоди, бубамара...), сина (небо, син шал, море...) и жолта боја (банани, сонце, лимон...). Им се објаснува дека треба да сликаат полека и внимателно. После секое преминување на друга боја се мие четката, се брише од сунѓерчето и се менува водата.

## Завршни активности - извлекување заклучок

### Активност 3

Играат игра „Погоди ја бојата". На една клупа има поставено 6 хартиени тањирчиња. На хартиените тачирчиња има обоено рачиња во трите основни бои. Две тањирчиња - жолта, две тањирчиња - сина, две тањирчиња - црвена боја. Наставникот им кажува дека тој ќе им дава насоки што треба да прават. Учениците треба да слушаат, да бидат брзи и точни. (Стави ги двете рачиња на жолтите бои! Стави ја левата рака на сината, десната рака на црвената боја!...). Учениците се менуваат кога ќе згрешат.

## Рефлексија на часот

- Што научивме денес?
- Кои се основните бои ?
- Каде може да ги сретнеме?

# ЧАС 8

СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Слика и колаж (слика, колаж, основни бои, нијанси, светло, темно, сликање...).

СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Создава слика со колаж од природни и вештачки материјали.

СРЕДСТВА

- Син текстил, ливчиња од каранфил,, жолти цевчиња, ножички, лепак, шаблон со контура на цвет, платно со контура на вазна.

МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Природни науки (тема: Материјали/видови материјали).

# СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 8

**Воведни активности - активирање на предзнаењата**

**Активност 1**

Учениците се седнати во круг, а на средина е поставена масичка на која се претставени различни предмети од вештачки или природен материјал (жолти цевчиња, син текстил, ливчиња од каранфил). Им се демонстрира дека секој од предметите пред нив може да ни послужи како материјал за создавање слика. Се потсетуваат на основните бои и ги именуваат.

**Главни активности - искуствено учење**

**Активност 2**

Учениците се поделени во групи. Секоја група добива контура на цвет. Првата група создава колаж на цвет од парчиња син текстил. Втората група создава колаж на цвет од парчиња жолти цевчиња. Третата група работи со црвени ливчиња од каранфил. По потреба сечат со ножички, а потоа лепат со лепак врз контурата на цвет. (Доколку имаат потреба од сечење со ножички, работат со помош на наставникот).

**Активност 3**

На платното на кое веќе е насликана контурата на цветот и на кој има контурирано вазна учениците треба да ги залепат своите изработки во форма на цвет со лепак. Така сите ученици заеднички учествуваат во изработка на колажот.

**Завршни активности - извлекување заклучок**

**Активност 4**

Групите ја анализираат добиената творба и заеднички доаѓаат до заклучок дека многу предмети од природен или вештачки материјал може да се користат за да создадат слика со колаж.

**Рефлексија на часот**

- Што научивме денес?
- Што изработивме?
- На каква подлога работевте?
- Кои материјали ги употребивте?

# ЧАС 9

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Слика и колаж (слика, колаж, основни бои, нијанси, светло, темно, сликање...).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Дизајнира едноставна слика на компјутер со употреба на основните бои.

## СРЕДСТВА

- Компјутер, паметна табла.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Математика (тема: Геометрија, 2Д-форми).

# СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 9

### Воведни активности - активирање на предзнаењата

### Активност 1

Учениците се потсетуваат на активноста со цртање на линии и 2Д форми на компјутери. Ги повторуваат сите чекори на постапката при цртање во Пеинт (Paint).

### Главни активности - искуствено учење

### Активност 2

На паметна табла преку програмата Пеинт (Paint), следат демонстрација на цртање на едноставни форми и со соодветните алатки се обојуваат. За секоја постапка којашто наставникот ја прави, се дава детален опис и по неколку пати низ активноста истата се повторува. На таков начин на учениците им се презентира создавање на слики на компјутер.

### Активност 3

Учениците се поделени во парови и пред себе имаат компјутер на кој веќе е отворена програмата Пеинт (Paint) и веќе нацртана фигура (куќа, цвет, зеленчук, овошје итн...). Добиваат задача да бојат и да ги избираат основните бои од понудените, да го следат и повторуваат наставникот во работата и постапките преку покажување на чекорите на големиот екран. За секој чекор и кликнување со глувчето наставникот објаснува и покажува со курсорот на екранот, така што учениците лесно ја обојуваат зададената фигура. Активноста ја повторуваат неколку пати и така секој пар создава повеќе слики.

### Активност 4

На паметна табла им се пушта игра „Сложувалка“ (https://www.facebook.com/watch/?v=378991160931883). На веќе означен простор во училницата е нацртана патека. Двајца ученици треба во рацете да земат едно од понудените топчиња

кои се во една од трите основни бои (црвена, жолта и сина) и да го пренесат низ означената патека. Кога ќе стигната до целта, наоѓаат два шаблони. На првиот шаблон се претставени броеви ( 1,2 и 3 ), а до секој број е претставена една основна боја. На вториот шаблон се наоѓаат девет полиња со измешани броеви ( 1,2 и 3). Учениците треба секој број од вториот шаблон да го заменат со соодветната боја којашто е наменета за секој број на првиот шаблон. Целта на играта е да се состави точен шаблон од основни бои.

## Рефлексија на часот

- Што научивте на овој час?
- Што би се допадна од сликањето на компјутер?
- Сакате ли и во иднина да го продлабочите знаењето за ваквиот начин на сликање?

ТЕМА

# Печатење

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

- избира и користи различни предмети кои премачкани со боја можат да дадат различни отпечатоци;
- печати самостојно и да учествува во изработката на шаблони за печатење;
- комбинира исти и различни отпечатоци за да креира шари и композиции.



# Предлог сценарија за реализација на часовите по Ликовно образование

## ЧАС 1

### СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Основни подлоги и материјали за печатење (печатење, подлога, материјал за печатење).

### СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Прави разлика меѓу различни подлоги и материјали за печатење (мазни или рапави, бели или тонирани, текстилни, пластични, дрвени и хартиени);
- ги опишува разликите меѓу отпечатоците на различни подлоги.

### СРЕДСТВА

- Слики од примери со печати, различни видови подлоги и материјали за печатење.

### МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Природни науки (тема: Материјали/видови материјали), Македонски јазик (тема: Слушање и говорење/водење краток разговор).

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 1

**Воведни активности - активирање на предзнаењата**
**Активност 1**

Наставникот покажува печат и се остава отпечаток од печатот на лист. Истото го прави и со отпечаток од прстот. Поставува прашања: Што правев со овој предмет? (стававте печат). Што правев со прстот? (остававте отпечаток). Се поведува дискусија со учениците за тоа каде во околината сретнале отпечаток (печат). Сте оставиле ли вие некогаш некој отпечаток? (од стапално на лекар, детски печатчиња...).

**Главни активности - искуствено учење**
**Активност 2**

На учениците им се покажуваат од слики од печати коишто ги сретнувале во секојдневниот живот (печати од факсимил, печати од пасош, печат во здравствена книшка, отпечаток од стапало, отпечаток од прст...). Следат објаснување за постапката за печатење. Им се кажува дека ако една подлога/предмет се премачка со боја и истата/истиот (премачканата подлога/премачканиот предмет) со притискање/стискање на друга подлога (лист хартија, дрво, линолеум, гипс, платно, камен) ќе остави отпечаток. Се заклучува дека секој предмет премачкан со боја остава свој отпечаток.

### Активност 3

Учениците се седнати во круг, а пред нив се поставени различни видови подлоги коишто се обезбедени од наставникот (лист хартија, дрво, метал, линолеум, гипс,платно, камен) и материјали за печатење (печат, сунѓер, компир, цветови, плодови, сок од плодови, темперни бои, четки). Наставникот им демонстрира печатење со различни материјали и на различни подлоги (мазни или рапави, бели или тонирани, текстилни, пластични, дрвени и хартиени), а учениците ги споредуваат отпечатоците. Дискутираат за употребената сила при оставање на отпечатокот, односно ако се стисне појако тогаш отпечатокот ќе биде поинтензивен и појасен, а ако се стисне послабо отпечатокот ќе биде послаб, понејасен. Потоа за разликите при отпечатоците на подлогите, јасноста на отпечатокок при мазни и рапави подлоги, им се демонстрира, а учениците ги забележуваат разликите дека на мазна подлога отпечатокот е појасен, а на рапава подлога не би можел да биде комплетен. Им се покажуваат примери на текстилни, пластични, дрвени и хартиени подлоги. Забележуваат дека на оние подлоги што подобро би ја впивале бојата отпечатоците би биле појасни и поизразени, отколку на мазните како пластиката, тогаш би можел да се замачка отпечатокот. Воочуваат дека секој предмет може да остави отпечаток, само треба да биде премачкан со боја.

### Завршни активности - извлекување заклучок
### Активност 3

На учениците им се кажува да замижат и да замислат. Доколку би требало да направат цвет, но само со отпечатоци, да размислат и кажат како би ја направиле творбата. Даваат идеи (со прст, со капаче, со памук, со печат играчка...) и истакнуваат дека секој предмет што го наведуваат треба да е премачкан со боја.

### Рефлексија на часот

- Што правевме денес?
- Што научивте денес, кои материјали и подлоги ќе може да ги употребиме за да оставиме отпечаток?

## ЧАС 2

### СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Основи на ликовниот јазик во печатењето (печат, отпечаток, шара, шаблон).

### СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Користи готови печати (шаблони) за печатење отпечатоци во различни форми и големини.

### СРЕДСТВА

- Различни видови подлоги и материјали за печатење.

МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА
- Природни науки (тема: Материјали/видови материјали).

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 2

**Воведни активности - активирање на предзнаењата**

### Активност 1

Со учениците се поведува дискусија преку прашања. Што е отпечаток и кој предмет може да остави свој отпечаток (печат)? (секој предмет премачкан со боја, со стискање остава свој отпечаток) Учениците кажуваат што работеле минатиот час и како го постигнале тоа?

**Главни активности - искуствено учење**

### Активност 2

Им се покажуваат веќе готови изработени шаблони/печати. Настаавникот им демонстрира печатење. Истите ги премачкува со основните бои и ги втиснува на залепен хамер. Им се објаснува дека шаблон/печат може да биде и некој предмет од секојдневниот живот.

### Активност 3

Учениците пред себе имаат потребен метеријал за печатење претходно подготвен од наставникот (играчки, геометриски форми., детски печати..) Им се дава активност на печатење, а истата треба да ја спроведат со помош на предметите кои се пред нив. Започнуваат со правење отпечатоци на лист од блок. Прво треба да го премачкаат предметот со боја, а потоа на листот од блокот да оставаат отпечаток. Внимаваат на јачината на стискањето на предметот/печатот.

**Завршни активности - извлекување заклучок**

### Активност 4

Откако учениците ќе завршат со печатење, се повикуваат неколку ученици да ги покажат своите изработки и да ја објаснат постапката на печатењето. Изработките ги изложуваат во ликовното катче и прават мини изложба.

**Рефлексија на часот**

- Што правевме денес?
- Што научивте денес, кои печати ги употребивте за печатење?
- Што мислите, би можеле ли вие да си направите сами печат?

## ЧАС 3

СОДРЖИНИ И ПОИМИ
- Основи на ликовниот јазик во печатењето (печат, отпечаток, шара, шаблон).

СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ
- Изработува печат (шаблон) самостојно и/или со помош на друг;
- создава композиции со комбинирање на шаблони

## СРЕДСТВА

- Различни видови подлоги и материјали за печатење.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Природни науки (тема: Материјали/видови материјали), Македонски јазик (тема: Слушање и говорење/водење краток разговор).

# СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 3

**Воведни активности - активирање на предзнаењата**

**Активност 1**

Учениците проследуваат бројалка „Цвеќе шарено”. Ја кажуваат бројалката, и дискутираат за цвеќињата, за омилените бои.

**Главни активности - искуствено учење**

**Активност 2**

Во училницата на истакнато место се поставени разни предмети компир, јаболко, сунѓер, стиропор. Наставникот им демонстрира подготовка на печат.Со помош на фломастер или молив на предметите се исцртуваат контури на различни форми и со соодветни алатки предметите се сечат во форма на исцртаната контура. На тој начин на учениците им се врши демонстрација и објаснување како се изработува еден едноставен шаблон/печат. Со готовите шаблони наставникот прави неколку печатења.

**Активност 3**

Учениците добиваат активност да изработуваат печати и со помош на печатите да направат градина со цвеќиња. Се делат во четири групи . Пред секоја група имаат материјали за работа однапред подготвени. Наставникот ги повторува уште еднаш начините за изработка на печатите, а на хамер има слики од изгледот на печатите што треба да ги изработат учениците(прилог). Првата група треба да изработува печат од ролна од тоалетната хартија. Учениците треба да ја засечат ролната од тоалетна хартија на долниот дел за да може да направат цвет. Втората група треба да изработи печат од спојување на чепкалки за уши и моливи. Истите треба да се спојат во едно снопче и да се залепат со селотејп. Третата група да прави печат од пластични шишиња (долниот дел да биде цвеќе) и од заштитна обвивка со меурчиња којашто треба да ја прицврстуваат за одреден предмет. Четвртата група работи со природни материјали. Подготвува печати од природни материјали брокула, од цвет, од пиперка, лимон. Учениците работат во своите групи и ги изготвуваат шаблоните за печатење.

**Напомена**

Наставникот ги надгледува и помага додека учениците работат со сечење на ролната, на пластиката.

**Активност 4**

Откако ќе завршат со подготовката на печатите, секоја група со своите печати прави цветна градина. Внимаваат, прво да го обојат печатот што го направиле, потоа

да оставaт отпечаток на хамерот што е пред нив. Меѓусебно се договараат за да создадат градина од многу цветови.

**Завршни активности - извлекување заклучок**
**Активност 5**

Групите ги изложуваат своите творби. Ја презентираат својата работа, ги анализираат делата, разговарааат за материјалите што ги користеле.

**Рефлексија на часот**

- Што правевме денес?
- Што научивте денес, кои материјали може да ги употребиме за да создадеме печат?

**Напомена**

Понудени се повеќе материјали за изработка на печати. Наставникот сам одлучува со колку од нив ќе ги запознае учениците.

## ЧАС 4

СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Основи на ликовниот јазик во печатењето (печат, отпечаток, шара, шаблон).

СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Користи готови печати (шаблони) за печатење отпечатоци во различни форми и големини;
- прави шари со повторување на исти отпечатоци.

СРЕДСТВА

- Различни видови подлоги и материјали за печатење.

МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Природни науки (тема: Материјали/видови материјали).

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 4

**Воведни активности - активирање на предзнаењата**
**Активност 1**

На учениците им се покажуваат примероци од печати и подлоги и се поведуваат на разговор. Треба да објаснат што е тоа што им се покажува и за што служи конкретниот предмет, а воедно низ разговорот се мотивираат да се искажат врз основа на досегашното искуство (кои од подлогите кои ги користеле давале подобар ефект за печатење).

**Главни активности - искуствено учење**
**Активност 2**

На бел хамер залепен на училишната табла наставникот им објаснува дека со помош на печатење ќе создаде шара за шал и демонстрира печатење со еден вид на печат, притоа повторувајќи или користејќи ги основните бои, низ игра на фантазирање наставникот печати се додека не сè добие посакуваната шара за шал.

**Активност 3**

Учениците се делат во четири групи. Им се делат различни видови на печати, хамери и основни бои за печатење, и им се објаснува дека секоја група има задача да создаде сопствена шара за шал користејќи повторување на ист отпечаток, секако напоменувајќи дека секој од учесниците во групата имаат иста форма и големина на печат. Притоа на учениците им е дозволено да печатат со основните бои на истиот печат, сè додека не си ја исполнат замислата на шарата. Наставникот постојано ја надгледува и мотивира работата на групата.

**Завршни активности - извлекување заклучок**
**Активност 4**

Неколку ученици ја презентираат својата работа и анализираат како ја создале шарата. Прават мини изложба од создадените творби.

**Рефлексија на часот**

- Што правевме денес?
- Што научивте денес, кои материјали ги употребивме?
- Каде наидовме на потешкотии?
- Кога не ни испадна отпечатокот како што посакуваме?

# ЧАС 5

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Основи на ликовниот јазик во печатењето (печат, отпечаток, шара, шаблон).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Создава композиции со комбинирање на шаблони.

## СРЕДСТВА

- Различни видови подлоги и материјали за печатење.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Природни науки (тема: Материјали/видови материјали), Математика (тема: Геометрија/2Д-форми).

# СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 5

**Воведни активности - активирање на предзнаењата**
**Активност 1**

Во училницата на делот на математичкото пано има изложено композиции од 2Д форми (куќи, роботи, возови). Учениците треа да ги именуваат 2Д-формите.

## Главни активности - искуствено учење
## Активност 2

Учениците треба да создадат композиција со печатење од шаблон од 2Д форми и готови печати (шаблони) од сунѓер и од компир (сработени од претходно). Внимаваат на инструкциите од наставникот, прво го премачкуваат предметот, а потоа го стиснуваат предметот на подлогата. Секој ученик создава композиција според својата замисла. Може да направат град со куќи, може да направаат воз со вагони, може да создаваат композиција – ѓердан со бисери создаден од отпечатоците од прстињата на учениците, користејќи се со иста или различна боја.





## Завршни активности - извлекување заклучок
## Активност 3

Неколку ученици ја презентираат својата изработка. Објаснуваат што создале, кои геометриски форми ги употребувале. Сосема за крај се изложуваат изработените творби во ликовното катче.

## Рефлексија на часот

- Што правевме денес?
- Што научивте денес, кои печати ги употребивме?
- Ви се допадна ли денешната активност?

ТЕМА

# Пластично обликување

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

- избира и користи средства за моделирање и обликување;
- прави едноставни фигури од пластелин/тесто и хартија;
- твори со разни постапки: кинење, сечење, виткање, спојување, раздвојување, превиткување, обликување.



# Предлог сценарија за реализација на часовите по Ликовно образование

## ЧАС 1

### СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Основни материјали/средства за пластично обликување (глина, пластелин, тесто, природни и вештачки материјали).

### СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Препознава и разликува материјали за моделирање;
- идентификува природни и вештачки материјали кои можат да се користат за обликување.

### СРЕДСТВА

- Глина, пластелин, тесто, хартија, ластичиња,...природни и вештачки материјали.

### МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Природни науки (тема: Материјали/видови материјали и својства на материјалите), Македонски јазик (тема: Слушање и говорење/водење краток разговор), Физичко и здравствено образование (тема: Спортувам и играм/групни игри/подвижни игри).

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 1

**Воведни активности - активирање на предзнаењата**

**Активност 1**

Учениците учествуваат во дискусија за материјалите, и ги идентификуваат природните и вештачките материјали. Се потсетуваат на знаењата од Природни науки. Дискусијата е поттикната со прашања. Што може да направиме со материјалите и за што служат? Што може да се направи од нив? На пример со хартијата, гумата, дрвото? (од материјалите може да направиме многу работи клупа, прозорец...). Што може да се направи од хартијата,гумата дрвото...? (од хартијата може да направиме книга, од гумата да направиме тркало за автомобил...).Им се кажува на учениците да земат лист хартија и им се даваат насоки да ги истражуваат својствата, а потоа истото го пробуваат и со гумата. Што може да и правиме на хартијата? (да ја виткаме, кинеме...). Што може да правиме со гумата? (тегнеме, влечеме...)

**Активност 2**

Учениците ја играат играта „Од кој материјал сум направен". Се покажува одреден предмет, а учениците го именуваат и ги погодуваат материјалите од коишто се направени. Се покажува молив–дрво, чаша–стакло, фустанче – платно...

## Главни активности - искуствено учење
### Активност 3

Учениците се насочуваат во процесот на моделирање преку дискусија. Ако сакаме да направиме книга од хартија, каков материјал треба да имаме? (хартија, листови, и да ги спојуваме, картон за корицата). Ако сакаме да направиме некоја играчка топка, од што би ја направиле? (од гума, пластелин, од хартија...) И со тоа доаѓаат до заклучок дека материјалите може да ги обликуваме по наша потреба и да создадеме нова творба, нова форма според некоја наша замисла. Учениците седат во круг и пред нив има материјали за обликување. Секој материјал им се покажува и за истиот се дискутира, дали е природен или вештачки материјал. Учениците даваат примери за тоа што може да направат од посочениот материјал и како може да се работи со него (пластелин – може да се гмечи да се тегне, да се кине, да се додаваат делови...).

### Активност 4

Учениците треба да замижат и да замислат каква творба би сакале да создадат од материјатилете што ги имаат пред нив (пластелин, глина, хартија, цевки, ластичиња...). Одбираат со кој материјал би работеле и усно опишуваат што би правеле, со дадениот материјал (на пример, роденденска торта која би ја направиле така што од тестото би одвоиле неколку парчиња, би ги сукале во кругчињња различни по големина, секое би го обоиле различно, па би ги лепеле едно врз друго и на крај би направиле мала свеќичка од хартија). Во текот на активноста го истражуваат материјалот (го притискаат, влечат, тркалаат, длабат, гребат).

## Завршни активности - извлекување заклучок
### Активност 5

На одбележан простор во училницата учениците ги групираат природните и вештачките материјали за обликување. На едно место ги ставаат природните, а на друго место ги ставаат вештачките материјали. Притоа, го именуваат секој материјал.

### Рефлексија на часот

- Што правевме денес?
- Што научивте денес, кои материјали може да ги употребиме за моделирање?
- Колку ви помогна поделбата на природни и вештачки материјали?

## ЧАС 2

### СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Основни материјали/средства за пластично обликување (глина, ластелин, тесто, природни и вештачки материјали).

### СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Користи различни природни и вештачки материјали во обликувањето.

## СРЕДСТВА

- Глина, пластелин, тесто, природни и вештачки материјали.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Природни науки (тема: Материјали/видови материјали и својства на материјалите), Математика (тема: Геометрија/ 2Д-форми и 3Д-форми), Македонски јазик (тема: Слушање и говорење/водење краток разговор).

# СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 2

**Воведни активности - активирање на предзнаењата**

**Активност 1**

Се поведува разговор со учениците за тоа како изгледаат нештата што ги опкружуваат. Погледнете ја клупата! Погледнете го прозорот! Погледнете го цвеќето! Погледнете го другарчето до вас! Погледнете ја топката! Се дискутира за изгледот на работите што ги опкружуваат. Луѓето, растенијата, животните имаат различен изглед. Некои работи се составени од еден дел, некои од повеќе. И сите нешта се создадени од различни материјали.

**Активност 2**

Учениците пристапуваат до една торбичка од која вадат предмети (шише, чаша, топка, коцка, вазна...) Се разгледуваат предметите за да можат визуелно и тактилно да се перципираат и при тоа ги опишуваат (се проучува чашата, со нејзиниот надворешен и внатрешен простор, топката - таа е целата полна, исполнета, округла). Имаат задача да го именуваат предметот и да го опишат надворешниот и внатрешниот изглед, големината, сличноста помеѓу предметите и нивната намена. Каков е овој предмет? (валчест, аглест, цилиндричен). Од каков материјал е направен? (стакло, пластика, гума, дрво...). За што служи, која му е намената? Преку овие прашања учениците се насочуваат кон перципирање на обликот, формата, но и функцијата на предметите.

**Главни активности - искуствено учење**

**Активност 3**

Учениците добиваат напатствија за изработка на форми, предмети, садови според сопствена замисла и желба, со цел да ги користат, практично да ги истражуваат и при тоа да ги користат материјалите за обликување. Поделени се во групи и пред себе имаат различен материјал со кој ќе можат да ги изработуваат предметите (глина, тесто, пластелин, хартија, дрвени шпакли, пластични ножиња, модли за обликување, цевки,...).

**Активност 4**

Учениците креираат ликовни творби по „проучување" на внатрешниот и надворешниот простор и формите на садови, цевки, кутии (внатре/надвор, отворен/затворен, големо/мало). Ги следат техничките упатства дека треба да работат само

со прстите на рацете, а не со други остри предмети, дека треба да си ги бришат рацете со влажно крпче или со марамиче, дека водата може да им послужи за лепење на деловите кога работат со глина, дека со рацете можат да го моделираат празниот и полниот простор и дека творбата треба да ја гледаат од сите страни, Материјалите може да ги виткаат, да ги гмечат, да ги кинат, да додаваат, да лепат, да спојуваат и со тоа да ја создадат посакуваната форма.

**Завршни активности - извлекување заклучок**

**Активност 5**

По завршувањето на активноста, некои од учениците ги презентираат и ги објаснуваат своите изработки. Ја објаснуваат постапката на моделирање, како ја создале својата творба. Потоа ги изложуваат творбите во ликовното катче.

**Рефлексија на часот**

- Што праваевме денес?
- Со кои материјали работевме?
- Колку ви се допадна денешнава активност? -
- Што научивме?

## ЧАС 3

### СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Основни материјали/средства за пластично обликување (глина, пластелин, тесто, природни и вештачки материјали).

### СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Користи различни природни и вештачки материјали во обликувањето.

### СРЕДСТВА

- Глина, пластелин, тесто, природни и вештачки материјали.

### МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Природни науки (тема: Материјали/видови материјали и својства на материјалите), Музичко образование (тема: Слушање музика/видови музика, музика за деца), Македонски јазик (тема: Слушање и говорење/водење краток разговор).

## СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 3

**Воведни активности - активирање на предзнаењата**

**Активност 1**

Часот започнува со песната „Златната кралица есен" (https://www.youtube.com/watch?v=v1nEELBCJ40). Дискутираат за боите на есен. Што ни е карактеристично за есента (жолтите лисја) . Кои плодови ги има во есен? Учениците следат напатствија за припрема за приборот за работа и материјалите за обликување.

## Главни активности - искуствено учење
### Активност 2

Учениците се поделени во групи. Секоја група пред себе има материјали за обликување: пластелин, глина, тесто, хартија, лепаци, семиња, некои плодови (оревчиња, шишарки.костени..) семки (сончоглед, семки од тиква..), чепкалки за заби... Во групата се договараат што ќе работат, што ќе моделираат.

### Активност 3

Наставникот им дава некои идеи, за да ги поттикне на фантазија. Учениците пристапуваат кон обликување (на дрво со пластелин, на ежето коешто ќе биде покрај дрвото, на кое може да му стават сончоглед како боцки, шпаклите кои ќе ги спојат за ограда... ). Ги дополнуваат идеите и даваат своја замисла.

## Завршни активности - извлекување заклучок
### Активност 4

По завршувањето на активноста, секој група ги презентира своите изработки, своите творби при тоа ги анализира и опишува со каков материјал ја обликувал. И потоа ги изложуваат во ликовното катче.

### Рефлексија на часот

- Што работевме денес?
- Што ви беше поразлично од досегашните активности?
- Кои материјали ги употребивме?
- Кои од овие материјали се вештачки, а кои природни?

# ЧАС 4

СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Основи на ликовниот јазик во пластичното обликување (обликување, фигура, оригами, градба, рециклиран/отпаден материјал).

СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Прави фигури на животни, куќа, ликови од различни материјали за обликување (од пластелин и тесто).

СРЕДСТВА

- Пластелин, тесто, природни и вештачки материјали.

МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Природни науки (тема: Материјали/видови материјали и својства на материјалите) Музичко образование (тема: Слушање музика/видови музика, музика за деца) Македонски (тема: Медиумска писменост и медиумска култура/ информации од различни медиуми-анимирани филмови).

# СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 4

**Воведни активности - активирање на предзнаењата**

**Активност 1**

Часот започнува со цртаниот филм „Стотиот штрумф" (https://www.youtube.com/watch?v=j6A3Mo7saes). (Наставникот може да одбере и друг цртан за штрумфови).

**Активност 2**

Учениците учествуваат во дискусија за цртаниот филм. Кои ликови ги сретнавме во цртаниот? Каква боја се штрумфовите? Каква боја им се капите? (сини) Каква боја е капата на веле-штрумф? (црвена), Каква е бојата на косата на штрумфета? (жолта).

**Главни активности - искуствено учење**

**Активност 3**

На учениците им се демонстрира моделирање на Штрумф. За истата намена има истакнато фотографии за чекорите на правење на штрумфот (прилог). Или им се пушта видеопрезентација за моделирање на Штрумф. (https://www.youtube.com/watch?v=rtkI8- qwhmQ)..

**Активност 4**

Учениците обликуваат фигури од ликови на штрумфови според насоките. Внимаваат на хигиената. Кога вајаат, вајаат на подлога, а не директно на клупата. Наставникот постојано ја надгледува нивната работа и помага каде што има потреба.

**Завршни активности - извлекување заклучок**

**Активност 5**

Неколку ученици ги презентираат своите изработки. Ја објаснуваат постапката за изработка на фигурите. Потоа во ликовното катче го оформуваат селото на штрумфовите.

**Рефлексија на часот**

- Што работевме денес?
- Кои материјали ги употребивте за моделирање?
- Имавете ли потешкотии во работата?
- Ви се допадна ли денешнаата активност?
- Ќе ни послужат ли изработките за понатамошни активности?

# ЧАС 5

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Основи на ликовниот јазик во пластичното обликување (обликување, фигура, оригами, градба, рециклиран/отпаден материјал).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Прави фигури на животни, куќа, ликови од различни материјали за обликување (од пластелин и тесто).

## СРЕДСТВА

- Глина, пластелин, тесто, природни и вештачки материјали.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Природни науки (тема: Материјали/видови материјали, тема: Живи суштества/ животни), Македонски јазик (тема: Слушање и говорење/водење краток разговор и невербална комуникација-пантомима).

# СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 5

### Воведни активности - активирање на предзнаењата

### Активност 1

Наставникот преку играта „Пантомима" ги поттикнува да го погодат животното. Потоа погодуваат гатанки за животни. Се поведува дискусија за животните, за изгледот, формите и нивните живеалишта. И им се дава насока дека ќе бидат уметници, ќе прават фигури од животни.

### Активност 2

Учениците следат напатствија за припрема на просторот за работа и за техниката на обликување и моделирање. Покрај самата глина и сопствените прсти, им требаат и алатки, специјално пластично ноже (го имаат во приборите) и подлога за тркалање на глината, пластелинот. Со пластичните ножињата освен што можат да ја исечат масата којашто треба да ја обликуваат, можат и да ја скршат или да создадат вдлабнатини со различни форми на површината. Можат и со чепкалки за уши да поврзат поединечни делови. Влажните марамчиња или крпчињата треба да им се корисни за чистење на рацете за време на работата, како и моделирање на животни од пластелин.

### Главни активности - искуствено учење

### Активност 3

На учениците им се покажува хамер на кој се залепени фотографии со слики од моделирање на животни чекор по чекор (прилог). Добиваат напатствија за работата со материјалите и за постапката. Земаат парче пластелин, глина или тесто и со нож го делат на три еднакви дела. Неопходно е деловите да се тркалаат. Првиот дел треба да го искористат за телото, од вториот дел да ја прават опашката и главата и од третиот дел треба да ги направат шепите, очите, образите, носот и ушите, такашто за образите се потребни два еднакви дела и одделуваат многу мало парче (за носот).




Останува само да ги поврзат сите делови со главата. Ушите можат да бидат во форма на круг или да им дадат триаголна форма. Ја спојуваат главата со телото, а потоа ги прицврстуваат делчињата-нозе на телото. Можат дополнително да формираат мало црвено делче од црвена пластелин, која ќе биде јазик на мачката. Доколку одберат да работат со глина или тесто, тогаш ќе треба откако ќе ги спојат деловите да ги обојат со водени основни бои. Учениците работат според насоките и според сликите. Внесуваат и свои идеи. Истражуваат со материјалите, и се разбира, дека внимаваат на хигиената. Кога работат според напатствија не е тешко да се разбере како да се направат животни од глина, пластелин и други материјали. Главната работа е да не се плашат да користат различни материјали и сопствена фантазија. Исто така да го следат планот или инструкциите за создавање разни мали животни. Секое дете со задоволство ќе ја сподели оваа возбудлива активност. И на крајот од работата, задолжително треба да ги измијат темелно рацете и да внимаваат да не остане нечистотија под ноктите.

### Завршни активности - извлекување заклучок

### Активност 5

Потоа учениците ги поставуваат своите изработки на поголема подлога каде што треба да создадат фарма за игри која секако ќе послужи за други слободни активности во интеграција со други предмети.

### Рефлексија на часот

- Што правевме денес?
- Која активност ви беше најинтересна?
- Што научивте денес?
- Кои материјали ги употребивте при моделирањето?

## ЧАС 6

### СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Основи на ликовниот јазик во пластичното обликување (обликување, фигура, оригами, градба, рециклиран/отпаден материјал).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ
- Изработува едноставни фигури од хартија (оригами).

## СРЕДСТВА
- Печатен шаблон за вртење (pdf) на големина на хартија по избор, хартија во боја, ножички, лепило, цевка (сламка), фен.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА
- Природни науки (тема: Материјали/својства на материјалите и тема: Сила и движење/сили), Македонски јазик (тема: Слушање и говорење/водење краток разговор).

# СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 6

**Воведни активности - активирање на предзнаењата**
### Активност 1

Учениците одговараат на прашања: Дали сте слушнале за Вртелешка? Преку бура на идеи кажуваат каде сретнале вртелешка, на што ги асоцира зборот вртелешка, како работи вртелешката? (потребно е да има ветер за да се врти).

### Активност 2

Следат напатствија за припрема на просторот и материјалите за работа. Се потсетуваат на часовите за моделирање. Со кои материјали моделиравме до сега? Можеме ли да ги употребиме хартијата, цевките, лепакот за да создадеме некој предмет? на пример вртелешка?

**Главни активности - искуствено учење**
### Активност 3

Учениците следат напатствија за работа од наставникот, чекор по чекор. Или им се проследуваат видеопрезентација (https://youtu.be/5ILLknVwavk). Хартиената вртелешка би било пожелно да ја прават во основни бои и димензии и ќе може да ја искористат како како украс во нивниот дом или како играчка, а секако ќе им користи на часот по предметот Природни науки. Предлог- напатствија чекор во чекор (прилог).

**Завршни активности - извлекување заклучок**
### Активност 4

Со помош на фен се создава ветер и учениците ги пробуваат вртелешките.

### Рефлексија на часот

- Што правевме денес?
- Што ви беше најинтересно?
- Каде наидовте на потешкотии?
- Ќе се обидете ли и дома да направите вртелешка?

# ЧАС 7

## СОДРЖИНИ И ПОИМИ

- Основи на ликовниот јазик во пластичното обликување (обликување, фигура, оригами, градба, рециклиран/отпаден материјал).

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

- Конструира градби/рециклиран материјал претходно употребен.

## СРЕДСТВА

- Употребени пластични шишиња, пластични чаши, весници, картони, односно рециклиран/претходно употребуван, ножички, лепило.

## МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

- Природни науки, (тема: Материјали/видови материјали и својства на материјалите).

# СЦЕНАРИО ЗА ЧАС 7

**Воведни активности - активирање на предзнаењата**

**Активност 1**

Учениците се поттикнуваат на дискусија со прашањата: Од што се направени предметите? Кои материјали ги знаеме? Разговорот се насочува кон тоа: Што е отпад, кој отпад и зошто треба да се рециклира и како да се селектира? Што мислите може ли да искористиме некој употребен материјал и да направиме нешто корисно од него?

**Активност 2**

Учениците имаат донесено материјал којшто е претходно употребен. Се истакнува целта на часот, односно дека ќе бидат градежници, ќе конструираат еден град од згради, мостови, куќи од материјатот што го имаат.

**Главни активности - искуствено учење**

**Активност 3**

Наставникот нм пушта примери, за да добијат идеи како да работат.
(https://www.pinterest.com/pin/538672805432423681/)
(https://www.pinterest.com/pin/534169205796658128/).

**Активност 4**

Учениците следат напатствија за работа. Прво треба да размислат за објектот којшто ќе го прават од материјалот што го имаат претходно обезбедено - празни кутии (Пожелно би било да имаат кутии за сокови бидејќи изгледаат како да имаат покрив). Горниот дел од кутиите го покриваат со црвена хартија  за да направат покрив.

Потоа ја обложуваат кутијата со хартија во сина или жолта боја, каква што би сакале да изгледа зградата или куќата. Со црн фломастер цртаат прозорчиња и врати Наставникот ги поттикнува да ја користат својата креативност и какви било ресурси што ги имаат на располагање за да додадат дополнителни детали за да ја направат зградата, куќата поуникатна (на пример, ако имаат пом-пом, можат да ги користат како цвеќиња и да ги обојат црвено и жолто надвор пред зградата, да направат мост, ако имаат шпакли да направат клацкалка (ќе спојат две три шпакли и под нив ќе стават некоја подлога и ќе создадат клацкалка пред зградата.) Ако имаат донесено амбалаж од пластично шише од детергент, исто може да го обложат и да му нацртаат прозорчиња и врати и да конструираат зграда. Се што треба е само да ја употребат својата креативност.

### Завршни активности - извлекување заклучок

### Активност 5

Откако ќе ги направат зградите, заеднички создаваат град.

### Рефлексија на часот

- Што правевме денес?
- Што научивме?
- Каде наидовте на потешкотии?
- Што ќе правиме понатаму со отпадот?